# НИЕ МОЖЕМЕ ● AMEN SHAJ ● WE CAN!

**БАРАЊЕ ЗА ПРИЈАВА НА ТРЕНЕР**
**за обуки**

Почитувани,

Здружение Национален ромски центар (НРЦ), Куманово објавува Барање за прибирање на понуди повикувајќи ги сите квалификувани физички и правни лица да поднесат понуди со следниве содржински спецификации:

1. **Општи услови**

1.1 Набавувач на услуги ЗГ. Национален ромски центар со седиште на ул. Доне Божинов бр.11/5, Куманово.
1.2 Предмет на барањето: **Прибирање на пријави за тренер**
1.3 Национален ромски центар го имплементира проектот „Кампања за превенција на насилство врз жени и семејно насилство во ромските заедници" во рамките на Регионалната програма на Европската Унија и UN Women „Спречување на насилството врз жените во Западен Балкан и Турција: Имплементирање на норми промена на ставови" и за потребите на проектот НРЦ го објавува ова барање преку својата интернет страница www.nationalromacentrum.org.

Главна цел на проектот е жените, девојчињата, мажите и момчињата на заедничко и индивидуално ниво да имаат подобро разбирање и прифаќање на родовата еднаквост во 4 региони во земјата.
Проектот се имплементира во 5 општини Куманово, Кочани, Штип, Прилеп и Кичево.

1.4 Понудувачот може да биде секое физичко или правно лице кое ги исполнува условите од ова Барање за доставување на понуди, во смисла на образование и претходно искуство.
1.5 Понудувачот со поднесување на понуда се обврзува дека важењето на понудата под пропишаните услови ќе биде до завршување на ангажманот предвиден со Договор кој по избор ќе се склучи со НРЦ.

2. **Потребно искуство:**

- Тренерот да поседува диплома за завршено високо образование;
- Да има познавање за специфичната положба на Ромите во општеството и специфичните предизвици на жената Ромка;
- Тренерот треба да поседува способност за водење на дебати и дискусија помеѓу учесниците кои ќе се однесуваат на проблеми од важност за социјална вклученост на Ромите, особено на жените Ромки, родово базирано насилство, семејно насилство и штетни практики врз жените;
- Минимум 3 години искуство во одржување на обуки за ефективна комуникација, работа на терен, работа со ранливи категории на граѓани и сл.;

- Минимум 3 годишно работно искуство со граѓански организации и/или ромски граѓански организации, Роми/Ромки; и/или на прашања поврзани со Роми/Ромки
- Искуство во користење на дигитални платформи (Zoom, Microsoft Teams, BlueJeans, и други).
- Познавање на Microsoft Office и обезбеден пристап до интернет

**3. Опис на обврски**

- Да одржи две еднодневни online обуки за теренски консултанти во проектот;
- Времетраење: 3 работни дена (еден ден за подготовка и два за одржување на обуките) во  период август - септември 2021 година;
- Првата обука има за цел да ги обучи учесниците со соодветни вештини и техники за ефективна комуникација, особено кога станува збор за сензитивни теми во патријахални семејства,  особено пристап до Роми, мажи и жени, за информирање во врска со превенција и заштита од РБН и семејно насилство;
- Втората обука има за цел да се зајакнат капацитетите на теренските консултанти да ја користат дигиталната платформа zoom во случај состојбата со корона вирусот во државата да се влоши;
- Изработка и достава на извештај на англиски јазик за спроведени активности и пополнет образец time sheet во рок од 5 дена по завршување на секоја од обуките;
- Комуникација и соработка со сите лица вклучени во проектот

**4. Понуда**

Понудувачот треба да достави:

- Диплома од завршен факултет (копија)
- Работна биографија
- Писмо за интерес со краток опис кој ќе докаже дека поседува соодветно знаење и искуство за спроведување на активностите предмет на повикот со документирано работно искуство;
- Примерок/дел од примерок од претходна работа за спроведени слични работни задачи во последните 5 години
- Тековна состојба во оригинал не постара од 6 месеци доколку е правно лице;
- Понудена бруто цена за ден за извршување на обврските

**5. Критериуми за избор на најповолен понудувач:**

- Релевантна биографија - 40 поени
- Предлог агенда/програма за обуката – 40 поени
- Предлог понудена цена – 20 поени

Здружение „Национален ромски центар“ со избраниот субјект ќе склучи договор за соработка.  Исплата ќе биде на  две рати и тоа: прва рата во износ од 50% од вкупниот бруто износ на понудената и прифатена цена по

завршување на првата обука и доставен и одобрен time sheet од страна на проектниот тим и втора рата 50% по завршување на ангажманот и одобрување на доставен на извештај и time sheet од страна на проектниот тим.

**Ве молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail) на следната адреса info@nationalromacentrum.org и ramadanovska@nationalromacentrum.org најдоцна до среда 18.08.2021 до 16 часот.**

Куманово 10.08.2021